Врз основа на членовите 35 и 36 од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис (Службен весник на Република Македонија бр.34/2001) министерот за финансии донесе :

# Правилник

## ЗА УСЛОВИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ СРЕДСТВАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ПОТПИШУВАЊЕ И ПРОВЕРКА НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ ПОТПИС

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите кои треба да ги исполнат средствата за електронско потпишување и средствата за проверка на електронскиот потпис при употребата.

### Член 2

Секоја употреба на податоците за општоприфатено електронско потпишување, бара од потписникот совесност и сигурност во пристапувањето кон средствата за општо прифатено електронско потпишување, со кое средство се утврдува и идентитетот на потписникот (на пример: со запишување на лозинка, отпечаток од прст и сл.), важноста на квалификуваните сертификати и употребата на временскиот жиг.

Одредбата од ствот 1 на овој член не се однесува на автоматска употреба на податоците со однапред програмиран информационен систем.

### Член 3

Корисникот треба да го проверува општо прифатениот електронски потпис, согласно со дадените упатства од потписникот, како и важноста на квалификуваниот сертификат и временскиот жиг.

Кога потписникот кон потписот додал и квалификуван сертификат,, корисникот треба општо прифатениот електронски потпис да го провери според дадените упатства од издавачот кој го издал квалификуваниот сертификат или од издавачот кој е повисок по ранг односно кој го признава издавачот на сертификатот.

### Член 4

При проверка на општоприфатен електронски потпис врз основа на квалификуван сертификат, корисникот треба да ја провери важноста на сертификатот, според дадените упатства на издавачот на сертификатот.

Доколку издавачот на сертификати води регистар на поништени сертификати, корисникот треба да провери и дали сертификатот е евидентиран во регистарот на поништени сертификати односно дали е поништен.

### Член 5

Квалификуваниот сертификат како средство за проверка на електронски потпис, освен сопствениот квалификуван сертификат на издавачот, неможе да важи повеќе од пет години од денот на неговото издавање.

### Член 6

Средството на општоприфатен електронски потпис треба на корисникот да му овозможи на сигурен начин, јасно и без грешка да утврди кои податоци и во колкав обем се потпишани.

**Член 7**

Лицето, кое ги чува електронски потпишаните податоци треба најдоцна еден месец пред истекот на важноста на потписот која ја одредил издавачот за податоците за општо прифатено електронско потпишување, да обезбеди повторно електронско потпишување на тие податоци од страна на сите лица кои ги потпишале податоците првиот пат или заверка од страна на нотар како и да бара потврдување на овие податоци со општоприфатен временски жиг на издавачот.

Ако издавачот не го одредил времетраењето на податоците за општо прифатеното електронско потпишување, лицето кое ги чува електронски потпишаните податоци треба да обезбеди повторно потпишување на овие податоци најдоцна до последниот ден на важноста на квалификуваниот сертификат.

**Член 8**

Општо прифатениот временски жиг може да биде додаден на податоците или со нив поврзан, под услов да е ставен на начин и под услови кои се пропишани за давање на општо прифатениот електронски потпис.

Општо прифатениот временски жиг од став еден од овој член треба да содржи јасен и прецизен податок за датумот и времето изразено во секунди како и за издавачот кој го направил жигот.

**Член 9**

Овој правилник стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. МИНИСТЕР,

17.август 2001 година **Никола Груевски**